## *ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ" СТРУМИЦА*

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ДЕЛОВНАТА 2015. ГОДИНА НА АД КОНЗЕРВНА ФАБРИКА СТРУМИЦА

*Струмица, Март 2016. година*

До
Акционерите на АД КОНЗЕРВНА ФАБРИКА Струмица

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

### *Извештај за посебните финансиски извештаи*

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД КОНЗЕРВНА ФАБРИКА Струмица, кои што го вклучуваат: Извештај за финансиска состојба заклучно со 31.12.2015. година, како и Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промени во главнината и Извештај за готовински текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на мемаџментот за посебните финансиски извештаи*

Менаџментот на Душвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Сметководствените Стандарди прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Овие Стандарди бараат ние да ги почитуваме етичките барања и да планираме и извршиме ревизија за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучва извршуање на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценка на ризиците од материјално погрешно прикжување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерата контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликуваат ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефекивноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки изготвени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизрско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите значајни аспекти финансиската состојба на АД КОНЗЕРВНА ФАБРИКА Струмица под 31.12.2015. година, на резултатите од нејзиното работење и готовинските текови за годината која завршува со тој ден согласно Сметководствените Стандарди прифатени во Република Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Менаџментот на Друштвото е, исто така, одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, ..., 166/2012). Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" број 158/2010 и 135/2011) е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентан со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31. Декември 2015. година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работа е конзистентан од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на АД КОНЗЕРВНА ФАБРИКА Струмица за годината која завршува на 31. Декември 2015. година.

Овластен ревизор

Стојанчо Коцев

ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ"
Струмица
14. 03. 2016. година